## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

### Извадок на дел од дневни настани 01.02.2019

СВР Велес поднесе кривична пријава против Т.Р.(30) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 18.10.2018 година во Велес, во наслеба „Тунел", полициски службеници извршиле преглед над пријавениот и пронашле и одзеле хероин.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Љ.А.(29) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични дроги" и против Х.Е.(33) од село Мала Речица, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори''. На 15.09.2018 година околу 00.30 часот на регионалниот пат Тетово – село Пирок, полициски службеници извршиле преглед на пријавените и возилото во кое биле и пронашле и одзеле марихуана.

На 31.01.2019 во 09,20 часот во СВР-Скопје било пријавено дека на крстосницата од булеварот „12-та Македонска Бригада" со улицата „Димитар Туриманџовски" патничко моторно возило „Фолксваген венто" со кумановски регистерски таблици управувано од Д.С.(35) од с.Лопате-кумановско, удрило во пешакот О.Ц.(41) од Скопје. О.Ц. била пренесена во комплексот клиники "Мајка Тереза", каде од страна на лекар и биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР-Скопје и се работи на целосно расчистување на случајот.

На 31.01.2019 околу 19,20 часот било пријавено дека во Тетово на булеварот „Благоја Тоска" патничко моторно возило „Сузуки марути" со тетовски регистерски таблици, управувано од О.М.(22) удрило во пешаците Х.М.(19) и А.Р. (25) од Тетово. Повредените пешаци со истото возило биле пренесени во тетовската клиничка болница. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР-Тетово и се работи на целосно расчистување на случајот.

На 31.01.2019 околу 16 часот, пријавено е дека 28-годишниот гостиварец Н.Н. се повредил работејќи на циркулар во фабрика за мебел во гостиварска Горна Бањица. Сечејќи со машината, тој ги повредил прстите од десната рака и пренесен е во клинички центар во Скопје. Извршен е увид и се работи на целосно расчистување на случајот.

Во текот на изминатиот ден (31.01.2019 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје се случиле вкупно седум сообраќајни незгоди од кои една со тешки телесни повреди, три сообраќајни незгоди со телесни повреди и три со материјална штета. Во сообраќајните незгоди едно лице се здобило со тешки телесни повреди и четири лица се здобиле со телесни повреди. Од преземените мерки и активности констатирано е дека 67 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 20 возачи од кои: пет возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол, 13 возачи управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и двајца возачи затоа што биле возачи-почетници. Исто така исклучени од сообраќај се и девет возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се шест возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, еден поради неправилно престројување, четворица поради непоседување пропишана зимска опрема, седум возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно

возило и 13 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се 14 пешаци поради поминување на коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатиот ден издадени се 80 мандатни платни налози и 72 возила се подигнати со специјално возило "пајак".

На 31 јануари во 21.20 часот полициски службеници од Полициска станица за безбедност на сообраќајот Битола, како и полициски службеници од Криминалистичка полиција во содејство со полициски службеници од Полициско одделение - Велушина, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела по член 300 и член 301 став2 од Кривичниот законик на Република Македонија , во село Бистрица , битолско, го лишиле од слобода Г.П.(44) од село Бистрица. Тој, на 29 јануари на улица ,,Васко Карангелевски‟ во Битола со возило удрил во пешакот С.В.(56) од Битола, по што побегнал од местото. Наредниот ден, 30 јануари, во Клиничката болница Битола С.В. им подлегнал на повредите. По целосно документирање на случајот, против Г.П. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 31.01.2019 во 12.10 часот во Полициската станица Радовиш бил приведен Н.К.(24) од Радовиш. При претрес на дом и други простории на Н.К., извршени врз основа на судска наредба, била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.Б.(26) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување,држење и тргување со оружје или распрскувачки материи”. На 08.11.2018 година во Тетово полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот на улица „Благоја Тоска”, при што биле понајдени и одземени пиштол „EKOL Volga” и 161 куршум калибар 44.Rem.Magnum.

На 31.01.2019 околу 15.00 часот во СВР Охрид било пријавено дека во средното училиште ОЕМУЦ „Св.Климент Охридски‟, за време на големиот одмор, по претходна расправија, ученикот Б.З. (17) извадил импровизиран пиштол и пукал кон А.И. (16), при што му нанел телесна повреда на А.И. во пределот на раката, по што си пукал во пределот на главата. Б.З. се здобил со повреди и бил пренесен во болницата во Охрид. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.Џ.(26) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда”. На 11.12.2018 година околу 15.30 часот на улица „Кавкавска”, во Тетово пријавениот физички го нападнал Е.А.(30) од Тетово, при што му нанел тешки телесни повреди.

Полициската станица Неготино поднесе кривична пријава против Р.Р.(32) и Б.Ј.(32), двајцата од Неготино, поради постоење основи на сомнение за

сторено кривично „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". На 01.01.2019 година во Демир Капија пријавените пронашле дебитна картичка сопственост на Ј.А. од село Марена, кавадаречко, по што во четири наврати ја употребиле за плаќање на разни производи.

На 31.01.2019 година во 11.40 часот во СВР Струмица, А.П.(68) од Струмица пријавил дека на 31.12.2018 година околу 11.00 часот во менувачница во Струмица на сопственикот му дал 95.000 швајцарски франци, кои биле во апоени од по 100 франци, за да му ги замени во апоени од по 1.000 франци. П.М. му заменил само 30.000 франци, додека останатите 65.000 франци ги задржал и се уште не му ги вратил. Се преземаат мерки за целосно расчистување на настанот.

На 01.02.2019 година во 02.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред ноќен клуб на улица „Климент Охридски" полициски службеник, при преземање на службени дејствија во врска со нарушување на јавниот ред и мир, бил физички нападнат од М.Ј.(23) од Скопје. М.Ј. бил приведен во Полициската станица Центар за понатамошна постапка.

На 01.02.2019 година во 07,05 часот во СВР-Скопје било пријавено дека пред поштата во село Волково две непознати лица извршиле разбојништво врз З.Ц.(52) од Скопје, кој требало да изврши достава во пошта. Сторителите со закана со оружје од З.Ц. одзеле четири торби во кои, според пријавеното, имало само чекови за пензија. Пари не се одземени. Подоцна, околу 07.45 часот било пријавено дека во хала сопственост на Р.Ѓ.(46) на магистралниот пат Скопје-Блаце било оставено и опожарено возило „Опел корса", за кое по преземени мерки било утврдено дека било користено во разбојништвото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 31.01.2019 година во 18.50 часот во СВР Скопје, Е.Ј.(37) од село Стајковци, скопско, пријавила дека истиот ден околу 18.40 часот на улица „Алија Авдовиќ", во автобус на ЈСП бр.65, едно лице физички го нападнало нејзиниот 16 - годишен син и 15 – годишна девојка. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 31.01.2019 година во 13.10 часот во СВР Скопје, Б.С.(30) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 12.45 часот во подземниот паркинг во трговскиот центар во Скопје физички бил нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.01.2019 година околу 09.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека непознат сторител извршил разбојништво во спортска обложувалница на булевар „Партизански одреди" и со закана од вработениот одзел мобилен телефон и пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.01.2019 година во 09.00 часот во СВР Скопје, С.Ќ.(18) од село Студеничани, скопско, пријавил дека на 28.01.2019 година околу 20.30 часот на булевар „Кочо Рацин", на автобуска постојка, бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 31.01.2019 година во 16.37 часот во СВР Скопје било пријавено дека две непознати лица извршиле разбојништво во куќа на улица „Боривој Милошевски‟, сопственост на Љ.Б.. Сторителите со закана одзеле повеќе предмети и побегнале. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата и за целосно расчистување на случајот.

МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)